ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО



# Граѓански буџет на општина Делчево за 2024 година

# ШТО Е БУЏЕТ НА ОПШТИНА И ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ НА ОПШТИНА?

Буџетот е една од најважните политики на локалната власт. Токму преку буџетот се распределуваат финансиските средства на општината неопходни за остварување на правата на сите жители во општината. Се користи за планирање како локалната власт ќе ги прибере и распредели јавните финансии за да ги исполни своите политики и цели.

**БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА** претставува годишен план на сите приходи, приливи и одобрени средства и сите расходи и одливи на средства, а ги вклучува основен буџет на општината, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

**ПРИХОДИ**

- **Даночни приходи**
- **Неданочни приходи**
- **Капитални приходи**
- **Трансфери и донации**
- **Задолжување во земјата**
- **Задолжување во странство**

**РАСХОДИ**

- **Плати и надоместоци**
- **Резерви и недефинирани расходи**
- **Стоки и услуги**
- **Камати**
- **Субвенции и трансфери**
- **Социјални бенефиции**
- **Капитални расходи**
- **Отплата на главнина**

Буџетот на општина Делчево е консолидиран годишен план кој покрај буџетот на Општината ги опфаќа и буџетите на нашите пет општински институции, односно: двете основни училишта (ОУ “ Св.Климент Охридски” и ОУ “Ванчо Прке” );едно средно училиште- СОУ “Методи Митевски-Брицо”; една детска градинка ОЈУДГ “Весели цветови” со нејзините клонови и Јавната локална библиотека “Илинден” со својот клон во Македонска Каменица.

За извршување на комуналните дејности во општината надлежно е јавното претпријатие ЈКП “Брегалница” Делчево.

**ГРАЃАНСКИОТ БУЏЕТ** е документ развиен од општината исклучиво за јавноста и во него е претставен буџетот на општината во поедноставен, помалку технички формат, за да се изгради подобро разбирање за тоа како општината управува и ги користи јавните финансии. Ова разбирање е од витално значење за јавната одговорност и отчетност и за зголемување на инклузивното граѓанско учество при спроведувањето на локалните политики.




Во процесот на креирање на буџетот на Општина Делчево за 2024 година се одржаа три форумски сесии. Целта на организација на форумите е граѓанско учество во процесот на донесување на одлуки, во случајот, приоритетните проекти за реализација за наредната година, а Општина Делчево почитувајќи го гласот и мислењето на граѓаните и анализирајќи ги предложените приоритети ќе ги предвиди за реализација. Согласно со гласањето според изработената предлог-листа на приоритети од претходните две сесии на која се најдоа 51 приоритетен проект и 18 препораки, изградбата на старечки дом во Делчево е прв приоритет за граѓаните на Делчево за реализацијата. За таа цел во Буџетот за 2024 година се предвидени средства за подготовка на проектна документација за изградба на старечки дом.

## КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА НАШАТА ОПШТИНА?

**Буџетот на општината** е огледало на политиките/активностите на нашата општина и истиот ги демонстрира вредностите и приоритетите на локалната самоуправа во сите надлежности и области на делување.

| | | |
|---|---|---|
| -Урбанистичко (урбано и рурално) планирање | -Заштита на животната средина и природата | Локален економски развој |
| -Комунални дејности | Култура | -Спорт и рекреација |
| Социјална заштита и заштита на децата | -Образование | -Здравствена заштита |
| -Заштита и спасување | -Противпожарна заштита | Други надлежности определени со закон |

# КАКО ОПШТИНАТА ГИ ПРИБИРА ПРИХОДИТЕ?

Ефикасното обезбедување и собирање на општинските приходи се основа за испорачување на потребните јавни добра и услуги на нашите граѓани. Општинските приходи се прибираат преку основниот буџет на општината, дотацијата, донациите, кредитите и самофинансирачките активности.

**СРЕДСТВАТА ВО ОСНОВНИОТ БУЏЕТ ДОАЃААТ ОД:**

- Даночните приходи (даноци на имот, комунални такси и локални надоместоци)
- Неданочните приходи (административни такси, надоместоци, останати неданочни приходи)
- Капиталните приходи (продажба на земјиште, концесии, легализација на бесправно изградени објекти, надоместоци за експлоатација на минерални суровини, геолошки истражувања и други надоместоци)
- Трансферите од други нивоа на власт (трансфер на средства од буџетите и фондовите, ДДВ дотација, персонален данок на доход на лични примања од плати од физички лица со постојано живеалиште и престојувалиште во општината)

**ШТО Е ДОТАЦИЈА?** - трансфер од Буџетот на Република Северна Македонија кој служи за финансирање на пренесените надлежности на општината во образованието, социјалната и детска заштита, културата и противпожарна заштита.

**ОД КАДЕ ДОАЃААТ ДОНАЦИИТЕ?** – различни донатори може да донираат строго наменски средства во општината со цел обезбедување конкретни добра или услуги за нашите граѓани.

**ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ СОДРЖИ И ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** кои ги остваруваат нашите буџетски корисници (училишта, детски градинки, културни установи и др.) по основ на закупнина од објекти, целодневна и претшколска грижа, средства за екскурзии и сл.

Вкупните приходи на општина Делчево во Буџетот за 2024 година се проценети на 364.592.517 денари. Во структурата на приходите најголемо учество заземаат приходите дотации во износ од 226.333.340 денари, значителен дел отпаѓаат и на приходите во основниот буџет на општината кои се проектирани на износ од 117.839.697 денари или 32% од вкупно планираните приходи, потоа следуваат приходите од самофинансирачки активности со проектиран износ од 12.962.000 денари, како и приходите од донации кои се проектирани на износ од 7.457.480 денари.




*Графикон 1. Структура на општинските приходи по извори на финансирање (во %)*

**КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ ПРИХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА НАШАТА ОПШТИНА?** - даноците и другите задолжителни законски плаќања, приливите кои ги добиваме од сопственост на средствата (камата, закупнина и сл.), надомест кој го добиваме за добра или услуги кои ги обезбедуваме, како и останати приливи од донации, спонзорства, субвенции и трансфери од другите нивоа на власт.

Во структурата на клучните приходи на нашата општина доминираат планираните приходи од трансфери и донации кои учествуваат со 294.158.227 денари, потоа следат даночните приходи кои учествуваат со 54.872.290 денари, па неданочните приходи со 9.762.000 денари, додека капиталните приходи учествуваат со 5.800.000 денари.




*Графикон 2. Структура на општинските приходи според економската класификација (во денари)*

**СОПСТВЕНИТЕ ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ НА НАШАТА ОПШТИНА** се од посебна важност за реализирање на локалните надлежности и обезбедување на општински услуги. Тие вклучуваат - локални даноци, локални такси и локални надоместоци, приходи од сопственост на општината, самопридонес, парични казни, донации и други приходи кои се утврдени со закон. Затоа од исклучителна важност е нивното точно утврдување и наплата, бидејќи без овие приходи капацитетот на општината да ги обезбеди потребните добра/услуги на своите граѓани ќе биде ограничен.

**ДАНОЧНИТЕ ПРИХОДИ се основен и најзначаен дел од сопствените приходи на општината**. Тие се прибираат преку: оданочување на имотот, комуналните такси (фирмарина, користење на простор пред деловните објекти, улично осветлување и др), надоместокот за уредување на градежно земјиште (комуналии), такси на користење или дозволи за вршење на дејност и други даночни приходи.




*Графикон 3. Даночни приходи на општина Делчево (во денари)*

Дали знаете дека во даночните приходи на нашата општина најголем удел ќе имаат даноците на специфични услуги (уредување на градежно земјиште, комунална такса за улично осветлување,фирмарина и др.), а потоа следат даноците на имот, додека помал удел зафаќаат даноците од доход,од добивка и од капитални добивки, а најмал удел припаѓаат на такси за користење или дозволи за вршење на дејност.

## ЗОШТО ТРЕБА ДА ПЛАЌАМЕ ДАНОК НА ИМОТ?

Даноците на имот се едни од најважните сопствени приходи на општината. Нивното навремено плаќање од страна на граѓаните и бизнисите е особено важно за создавање на модерна општина со поквалитетен живот.

Структурата на посебните видови на даноци на имот кои нашата општина планира да ги обезбеди во 2024 е прикажана во продолжение. Во нашата општина највисоко учество во овој вид на приходи зафаќа данокот на имот, со 59 % во вкупната вредност од даноците на имот.




*Графикон 4. Даноци на имот на општина  Делчево (во денари)*

## ШТО СЕ КОМУНАЛНИ ТАКСИ?

Комуналните такси се давачки што се плаќаат за користење определени права, предмети и услуги од јавен карактер од страна на правните и физичките лица што вршат дејност и од страна на граѓаните. Висината на комуналната такса ја утврдува општината во рамките определени со закон. Општината најмногу планира да собере пари од  комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување со планиран износ од 18.000.000, потоа надоместок за уредување на градежно земјиште со проектиран износ од 8.022.290 денари,  комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија во износ од 2.500.000 денари и др.

| Комунални такси | износ | % |
|---|---|---|
| Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување | 18.000.000 | 58,76% |
| Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 0 | 0,00% |
| Надоместок за уредување на градежно земјиште | 8.022.290 | 26,19% |
| | | |

*Табела 1. Комунални такси на општина  Делчево (во денари и %)*

# НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ

Нашата општина прибира и неданочни приходи како што се разните такси, надоместоци и други приходи кои се поврзани со определени услуги кои ги обезбедуваме за граѓаните и бизнисите. Неданочните приходи кои планираме да ги собереме во 2024 година се прикажани во продолжение.

Најголем износ на неданочни приходи е планирано да бидат обезбедени од такси и надоместоци (такси за запишување,други образовни такси, целодневна и претшколска грижа,приходи од закупнина на општински имот и др.), додека најмалку неданочни приходи се очекува да се обезбедат од глоби, судски и адмиистративни такси.




*Графикон 5. Неданочни приходи на општина Делчево (во денари)*

## ТРАНСФЕРИ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ

Општината добива значителни финансиски средства од централната власт во форма на трансфери од ресорните министерства или владините фондови. Овие трансфери се најзначаен дел од буџетот на општината и се клучни за нејзиното непречено обезбедување на надлежностите и реализација на капиталните инфраструктурни проекти.

Највисок износ на трансфери е планирано да бидат обезбедени преку блок дотациите, во износ од 226.333.340 денари, трансферот од ДДВ  е планирано да изнесува 35.924.407 денари, додека тековни трансфери од други нивоа на власт се планирани во износ од 3.400.000 денари.




*Графикон 6. Трансфери и донации на општина Делчево (во денари)*

Блок дотациите за пренесените надлежности од централната власт се суштински за финансирање на нашите надлежности до доменот на образованието, културата и социјалната заштита. Во продолжение е прикажана распределбата на овие блок дотации по различни намени.




*Графикон 7. Намена на блок дотациите по одделни надлежности на општина  Делчево (во денари)*

## ДОНАЦИИ/ГРАНТОВИ

Донациите во финансиски средства исто така претставуваат приход во Буџетот на општината, кои за 2024 година се проценети на износ од 7.457480 денари. Средствата од овие донации се строго наменети за имплементација на активностите, и тоа: за изработка на техничка документација за изградба на кружни крстосници на територијата на Општина Делчево (грант од УНДП во износ од 1.995.480 денари), потоа за спроведување на проектот "Креирање можности за работа за сите" истотака финансиран од УНДП во износ од 1.980.000 денари со кофинансирање од страна на Општина Делчево. Донации обезбедени од приватни компании, физички лица, и општини пристигнати на сметката за хуманитарни цели на Општина Делчево кои се планираат да бидат реализирани за набавка на опрема за ТТПЕ Делчево, набавка и поставување на надземни хидранти на територијата на град Делчево и руралните населени места.

## КАДЕ И КАКО СЕ ТРОШАТ ОПШТИНСКИТЕ ПАРИ?

Особено е важно нашите граѓани да имаат увид каде и како се трошат локалните ресурси. Локалните расходи се директно поврзани со обезбедувањето на потребните добра и услуги на граѓаните – затоа нивната структура и начин на распределба е особено важно да бидат транспарентно претставени.

Во 2024 година општината планира да потроши вкупно 364.592.517 денари за обезбедување на потребните добра и услуги на граѓаните. Од нив 15,18 % се планирани за капитални инвестиции во износ од 55.355.583 денари, а останатите 84,82 % односно 309.236.934 денари ќе бидат потрошени за тековно-оперативни активности на општината, а се однесуваат на плати и надоместоци, стоки и услуги, резерви, социјални трансфери, субвеници и други трансфери, камата и отплата на главница за кредит.




*Графикон 8. Вкупни расходи по економска класификација на општина Делчево (во денари)*

**Три клучни видови на расходи** во буџетот за 2024 година во нашата општина се: плати и надоместоци, стоки и услуги и капитални расходи.

**Платите и надоместоците** претставуваат највисок износ на расходите од општинската сметка и се во износ од 245.277.140 денари, а се однесуваат на вработените во општината и институциите во нејзина

надлежност. Од нив, најголем дел, во износ од 156.847.000 денари се планирани за плати на вработените во образовните институции на територијата на Општина Делчево (две основни и едно средно училиште. Останатите трошоци за плати ќе бидат потрошени за плати на општинката администрација , во износ од 34.771.700 денари, плати на вработените во детската градинка Весели цветови во износ од 27.076.000 денари, за плати на вработените во ТППЕ Делчево износ од 13.473.000, за исплата на надоместоци на ченови на Совет се проектирани расходи во износ од 3.330.000 денари.




*Графикон 9. Расходи за плати и надоместоци по надлежност на општина Делчево (во денари)*

Планираните расходи за **стоки и услуги** во износ од 51.580.494 денари опфаќаат значителен дел од буџетот на општината, а се однесуваат на трошоците за комунални услуги, греење, комуникација, транспорт, ситен инвентар, поправки, тековно одржување, патни трошоци, договорни услуги, плати за привремено ангажираните лица итн. Најголем дел од овие расходи е распределен во училиштата, детската градинка, локалната библиотека , а се финансирани од самофинансирачките сметки кои ги остваруваат буџетските корисници, како и од дотациите од буџетот на државата. Општината од сопственоит буџет за оваа намена планира најмногу да потроши за комунална услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 2.350.000 денари, потоа за привремени вработувања во износ од 1.000.000 денари, поправки и тековно одржување 570.000денари, други тековни расходи 578.114 ден.




*Графикон 10. Расходи за стоки и услуги по надлежност на општина Делчево (во денари)*

Нашата општина во текот на 2024 година планира да започне со реализација на неколку капитални/инфраструктурни и други проекти кои треба да го подобрат животот и благосостојбата на граѓаните.

**Капиталните расходи** на нашата општина се клучни за квалитетот на живот на нашите граѓани, оттука во 2024 година, учествуваат со 15,18 % во структурата на вкупните расходи. Најголем дел од нив се наменети за комунални дејности, и тоа во износ од 40.197.583 денари, а најмалку планира да потроши за противпожарна заштита.




*Графикон 11. Капитални расходи по надлежност на општина Делчево (во денари)*

## КОЛКУ ПЛАНИРА ДА ПОТРОШИ НАШАТА ОПШТИНА ЗА СЕКОЈА ОДДЕЛНА НАДЛЕЖНОСТ/ ПРОГРАМА?

Со цел транспарентно претставување на намената за која општината планира да ги потроши расположливите приходи, во продолжение се претставени клучните планирани буџетски расходи по секоја од 27-те надлежности (програми) наменети за нашите граѓани.

Во основниот буџет капиталните расходи се планирани во износ од 48.485.583 денари, во најголем дел се однесуваат на: учество на Општина Делчево во изградбата на новата детска градинка , кое за 2024 година изнесува 7.000.000 денари; Изградба и реконструкција на улици и патишта-25.743.000 ден.; Набавка и монтажа на топлински пумпи со придружна опрема за машинска потстаница во сала АСНОМ – 2.500.000 денари; Набавка на столови за гледалиште за салата во Спомен дом АСНОМ во износ од 1.000.000 денари; учество на ОпштинаДелчево во реконструкцијата на Спомен дом АСНОМ со нови позиции машинство и електрика (озвучување)-2.800.000 ден.; Подготвување на проекти за улици и

патишта и урбанистичко планирање – 1.500.000денари ;Изработка на хидро студија за уредување, заштита и подобрување на режимот на водите и заштита на урбаното подрачје од надворешни води-590.000 ден.; Изработка на урбанистички проекти за разделни шахти-472.000 ден.; Елаборати за определување на границите на заштитни зони, заштитните мерки и другите услови за водите наменети за конзумирање од страна на човекот околу брана Лошана, околу експлоатациони бунари на локација во Делчево и во с. Тработивиште-1.770.000 ден. како обврска од Проектот Водоснабдување на Делчево и сл.

Рамката на основниот буџет е зголемена за пренесен вишок од претходна година во износ од 15.743.000 денари по основ на три склучени Договори со Министерството за транспорт и врски , претходно распределени со Одлука на Влада на РСМ бр.41-13078/3 од 14.12.2023 година за реализација на проектите :

- Договор бр. 35-5918/25 од 20.12.2023 година за реализација на проектот “Изградба на дел од улица Бул.Македонија”-доделени средства во износ од 2.878.000 денари;

- Договор бр.35-5918/24 од 20.12.2023 година за реализација на проект

“ Изградба на краци на ул.Орце Николов-шумски расадник”- доделени средства во износ од 3.640.000 денари; и

- Договор бр.35-5918/23 од 20.12.2023 година за реализација на проектот “Изградба на краци на ул.3 и ул.5 во населба Пролет”-доделени средства во износ од 9.225.000 денари.

Расходите кои општината планира да ги потроши за **Општинската администрација** се во износ од 42.139.814 денари, истите се наменети за комунални услуги, канцелариски материјали, тековно одржување и трансфери. За набавка на канцелариски мебел, опрема, машини, компјутерски софтвер, општината планира да потроши 4.770.000 денари, и тоа 1.000.000 денари за набавка на столици за сала во Спомен дом АСНОМ, 1.903.000 денари за набавка и монтажа на топлотни пумпи во Спомен дом АСНОМ, учество на Општина Делчево од 283.000 денари за набавка на машина се метење во соработка со Бирото за регионален развој;останатите средства се предвидени за набавка на хардверска и софтверска опрема за потреботе на општината.

Расходите за функционирање на **Советот на општината** изнесуваат 3.685.000 денари и истите се наменети за исплата на надоместоци на советниците. Од програмата на Совет се врши плаќање на наградно патување за најдобрите 10 матуранти од СОУ М.М.Брицо од Делчево за 2024 година, во износ од 300.000 денари.

Вкупните расходи кои се наменети за работата на **Градоначалникот** изнесуваат 5.481.000 денари и истите во себе вклучуваат: плати и надоместоци на градоначалникот, тековна резерва, стоки и услуги, субвенции и тренасфери за социјално ранливи категории на граѓани, трансфери до здруженија на граѓани и спортски клубови*, стипендии за студенти и ученици, исплата на еднократна парична помош за новороденчиња, првачиња.*




*Графикон 12. Расходи по програми - Совет, Градоначалник и Општинска администрација (во денари)*

За **Урбано планирање**, општината издвојува 500.000 денари, наменети за изработка на нов детален урбанистички план за подрачјето на град Делчево.




*Графикон 13. Расходи по програми за надлежност Урбано планирање (во денари)*

Нашата општина сериозно настојува да обезбеди соодветно ниво на комуналните услуги, притоа грижејќи се за јавната чистота, јавното осветлување, одржувањето или изградбата на локалните улици и патишта, водоснабдувањето и бројни други локални услуги особено важни за квалитетот на живот на нашите граѓани.

Расходите кои се издвоени за **Комунални услуги**, во износ од 50.738.363 денари, имаат за цел да ги помогнат активностите за изградба на нови капитални инвестиции и одржување на постојните капитални објекти како: урбана опрема, снабдување со вода, одведување и пречистување на отпадни води, јавна чистота и јавно зеленило, локални улици и патишта и сообраќајна сигнализација.

| Комунални дејности | износ |
|---|---|
| Урбана опрема | 3000000 |
| Системи за отпадни води | 453640 |
| Јавно осветлување | 3200000 |
| Јавна чистота | 0 |
| Локални патишта,улици, мостови и регулирање на режим на сообраќајот | 6880780 |
| Паркови и зеленило | 0 |
| Други комунални услуги | 743000 |
| Јавно осветлување | |
| Локални патишта,улици и мостови | 33440943 |
| Сообраќајна сигнализација | |
| Системи за водоснабдување | 3020000 |
| Системи за отпадни води | |
| Јавна чистота | |
| Урбана опрема | |

*Табела 2. Расходи за Комунални дејности на оптина Делчево (во денари)*

Од планираните расходи за изградба на *нова комунална инфраструктура*, општината најмногу ќе потроши за изградба и реконструкција на локални патишта и улици, потоа за јавно осветлување, за одржување и заштита на локалните патишта, за изградба на системи за водоснабдување итн.




*Графикон 14. Расходи по програми за изградба на нова комунална инфраструктура (во денари)*

За *редовно одржување на постојните инфраструктурни објекти* кои служат за давање комунални услуги на граѓаните, општината најмногу издвојува средства за одржување на локални улици и патишта (интервенто,земиско одржување, одржување на сообраќајна сигнализација), *за потрошена електрична енергија за улично осветлување итн.*




*Графикон 15. Расходи по програми за одржување на постојната комунална инфраструктура (во денари)*

**Локалниот економски развој** е движечка сила на општината. Со цел негова поддршка, општината издвојува износ од 5.013.000 денари, во рамките на кој преовладуваат издатоци за ангажирање на лица за спроведување на општинско корисна работа, активности поврзани со подобрувањето на економскиот потенцијал на фирмите кои работат на територијата на општината и сл.




*Графикон 16. Расходи по програми за надлежност*
*Локален економски развој (во денари)*

Во поглед на средствата кои се планираат за реализација на активности од **Културата** за нашите граѓани издвојуваме средства во висина од 1.507.000 денари. Овие средства нашата општина ги користи за поддршка на традиционалните настани и манифестации како што се “Голачките фолклорни средби”,”Пијанечките денови на сливата”; традиционалната “Пијанечко-малешевска свадба” и др. манифестации. Во оваа програма, за првпат е планиран буџет од 1.000.000 денари за одржување на “Филмски фестивал во чест на Мето Јовановски” , кој се планира да се одржи за првпат во текот на месец јули 2024 година.

Расходите за **Музичка и кинотечна дејност**, се планирани за вработување на едно лице во Локалниот археолошки музеј “Пијанец” Делчево.




*Графикон 17. Расходи по програми за надлежности: Култура, Спорт и рекреација (во денари)*

Од вкупните расходи за **образование** кои се планира да се реализираат во општината се во износ од 176.779.000 денари. Значаен дел од вкупните расходи за образование во износ од 129.374.000 денари се планирани за основните училишта додека 47.405.000денари се планирани за средното училиште.




*Графикон 18. Расходи по програми за надлежност Образование (во денари)*

Вкупните расходи за **детската градинка** се планирани во износ од 50.631.000 денари, од кои најголемиот дел се однесуваат на плати и тековни расходи. Во буџетот за 2024 година, за изградба на нова детска градинка се планирани 7.000.000 денари во основниот буџет, и 1.853.000 за отплата на главнина од кредит за проширување на капацитетите на градинката Весели цветови.




*Графикон 19. Расходи по програми за надлежноста Социјална заштита и заштита на деца (во денари)*

Нашата општина се грижи за **животната средина** и здравата животна околина на своите граѓани, притоа издвојувајќи соодветен износ од 1.770.000 денари за изработка на Елаборат за граници на заштитни зони околу брана Лошана и пумпите во с.Тработивиште.

За **здравствена заштита** на населението од заразни болести, општината планира да потроши 180.000 денари за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населените места и јавните површини.

За потребите на **противпожарната единица** на општина Делчево се планирани 13.473.000 денари. Од нив најголем дел се однесуваат за плати и надоместоци на пожарникарите кои општината ги добива од наменската дотација.

Нашата општина посветува сериозно внимание на аспектот на **родовата еднаквост** во планирањето на сите нејзини активности. Покрај тоа издвојуваме и соодветен износ на општински средства за поддршка на родовата еднаквост во износ од 60.000 денари, за тековно-оперативни расходи .

| Надлежности | Износ |
|---|---|
| Заштита на животна средина и природа | **1.770.000** |
| Унапредување на здравствена заштита | **0** |
| Противпожарна заштита | **13.473.000** |
| Капитални расходи за противпожарна заштита | **0** |
| Родова еднаквост | **60.000** |
| Прекугранична соработка | **0** |
| Заштита и спасување | **0** |

*Табела 3. Расходи по надлежности за Заштита на животна средина, Здравствена заштита, Противпожарна заштита и Родова еднаквост (во денари)*

## КЛУЧНИ БУЏЕТСКИ ДОКУМЕНТИ - како можат граѓаните да ја следат реализацијата на општинскиот буџет ?

- **Буџетскиот календар** ги дефинира роковите за планирање на општинскиот буџет, каде што се опфатени сите активности поврзани со подготвување на буџетот
- **Буџетскиот циркулар** содржи главни насоки за изготвување на буџетот на општината и го доставува Министерството за финансии.
- **Предлог-буџетот** е подготвен од страна на градоначалникот (општинската администрација) во кој се планираат годишните приходи и годишните расходи и кој треба да биде одобрен од страна на советот на општината.
- **Предлогот на планот на програмите за развој** ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по одделни буџетски програми и потпрограми, годините во кои тие ќе се реализираат и изворите на финансирање, односно буџетите.
- **Буџетот** е акт на локалната власт со кој се планираат годишните приходи и други приливи и се одобруваат годишните расходи и други одливи на државата или на општината.
- **Месечните извештаи** ги содржат податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи за претходниот месец за коишто се однесува извештајниот период.
- **Кварталниот извештај К1** ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи за претходните три месеци за коишто се однесува извештајниот период, согласно со економската класификација на приходи и расходи по сметки и збирно.
- **Кварталниот извештај К2** ги содржи податоците за сите неподмирени обврски, како и за неподмирените обврски по видови и по ставки, со состојба на последниот ден од претходниот квартал.
- **Кварталниот извештај К3** ги содржи податоците за задолжување и информациите за промените на состојбата на секое задолжување во претходниот квартал, како и промените на состојбата на издадените гаранции и податоци за долгот на јавните претпријатија кои се основани од општините.
- **Полугодишниот извештај** ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и за капиталните приходи и расходи за претходните шест месеци за коишто се однесува извештајниот период.
- **Годишниот извештај** ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи, за една година за кои се однесува извештајниот период.

## Планирани расходи на општина Делчево за 2024 година (по надлежност и економска класификација)

| / | Плати и надоместоци | Резерви | Стоки и услуги | Каматни плаќања | Субвенции и трансфери | Социјални трансфери | Капитални расходи | Отплата на главница | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Совет на општина** | 3.330.000 | - | 355.000 | - | - | - | - | - | **3.685.000** |
| **Градоначалник** | 2.044.000 | 100.000 | 527.000 | - | 1.960.000 | 850.000 | - | - | **5.481.000** |
| **Општинска администрација** | 34.771.700 | - | 5.548.114 | 1.300.000 | 520.000 | - | 4.770.000 | - | **46.909.814** |
| **Урбано планирање** | - | - | 500.000 | - | - | - | - | - | **500.000** |
| **Локален економски развој** | - | - | 5.013.000 | - | - | - | - | - | **5.013.000** |
| **Комунални дејности** | - | - | 7.315.480 | - | - | - | 40.197.583 | 3.225.300 | **50.738.363** |
| **Култура** | 7.735.440 | - | 634.900 | - | 1.068.000 | - | 40.000 | - | **9.478.340** |
| **Спорт и рекреација** | - | - | - | - | - | - | - | - | **-** |
| **Програми за развој** | - | - | - | - | - | - | - | - | **-** |
| **Образование** | 156.847.000 | - | 16.555.000 | - | 1.203.000 | - | 2.208.000 | - | **176.813.000** |
| **Заштита на животна средина и природа** | - | - | 1.770.000 | - | - | - | - | - | **1.770.000** |
| **Унапредување на здраствена заштита** | - | - | - | - | - | - | - | - | **-** |
| **Социјална заштита и заштита на деца** | 27.076.000 | - | 13.262.000 | - | 300.000 | - | 8.140.000 | 1.853.000 | **50.631.000** |
| **Противпожарна заштита** | 13.473.000 | - | - | - | - | - | - | - | **13.473.000** |
| **Заштита и спасување** | - | - | 40.000 | - | - | - | - | - | **40.000** |
| **Родова еднаквост** | - | - | 60.000 | - | - | - | - | - | **60.000** |
| **Вкупно** | 245.277.140 | 100.000 | 51.580.494 | 1.300.000 | 5.051.000 | 850.000 | 55.355.583 | 5.078.300 | **364.592.517** |